## ИЗЛОЖБА

**Изложбата опфаќа избор од триесеттина негови дела, создавани во изминатата деценија, со кои Плескоњиќ, исто така, се претстави и на голем број меѓународни изложби.**

**Во изминатиот период младиот уметник гостуваше во Белград, Париз, Софија, Варшава, а негови слики се претставени и во седиштето на НАТО во Брисел.**

# СТЕФАН ПЛЕСКОЊИЌ, ДЕСЕТ ГО



Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

# МЛАДИОТ МОЦ ЛИКОВНАТА УМ



Во Мултимедијалниот центар "Мала станица" беше отворена 13. самостојна изложба на Стефан Плескоњиќ, со која уметникот, ученик во шесто одделение во ОУ "Браќа Миладиновци" во Скопје, одбележува десет години од ликовното творештво. Изложени се повеќе дела кои Плескоњиќ ги работел со еколошки акрилни бои на картон. Плескоњиќ има 13 години, а своите први слики ги направил кога имал 2 години. Познатите уметници за него предвидуваат блескава иднина во светски рамки...

Неговата прва изложба била отворена кога тој имал само три години, во велешкото село Теово, по повод осветувањето на манастирот "Свети Архангел Михаил", а истата година имал самостојна изложба во уметничката галерија "Стоби". Оттогаш и почнува неговата редовна и богата ликовна активност, за која е добитник и на многу награди. Овој македонски уметник критичарите кај нас и во светот го нарекоа Млад Моцарт во ликовната уметност. На неговите изложби доаѓале и истакнати уметници и критичари, но тој како најзначајни, особено за неговите почетоци ги издвојува познатиот уметник Киро Урдин и господинот Борис Петковски, наш истакнат критичар.

Првите слики на Стефан домашната ликовна критика ги споредува со делото "Планетариум" на Киро Урдин. По сè изгледа апстракцијата е негова пасија, негов свет преку кој се изразува.

Во 2004 година негови дела беа поставени и во седиштето на НАТО во Брисел. Дела на Плескоњиќ создадени со еколошки акрилни бои на картон, неодамна беа изложени и пред многубројна странска публика во Македонскиот центар во Њујорк. Тој досега одржал самостојни изложби во повеќе наши градови, како и во Варшава, Париз, Белград. Сите негови досегашни излојувања надвор од границите на нашата држава секогаш биле медиумски покриени и странската публика со задоволство ги прифаќала и ги посетувала.

Плескоњиќ е најмлад носител на наградата "13 Ноември", а добитник е и на Специјалната награда "Ѕвезда на 21 век" на Осмиот салон на уметноста во Софија. Тој е и амбасадор на Првата детска амбасада во светот "Меѓаши".

Освен поддршка од семејството и од





# АРТ ВО ЕТНОСТ

**Стефан Плескоњиќ е роден на 1 април 1995 година во Скопје. Неговиот претходен креативен опус се состои од околу 300 дела во техниката еколошки акрилни бои на картон. Младиот сликар деновиве прославува 10 години од својата сликарска кариера.**

**ЗА НЕГО КАЖАЛЕ:**

**"Стефан е 'културен' феномен".**
***Беатрис Кејџ (Франц прес)***

**"Мал човек, но голем слиакар".**
***Киро Урдин***

**"Сите деца 'цртаат', но Стефан слика".**
***Златко Теодосиевски***

**"Стефан е голем кредит за својата држава".**
***Џорџ Робертсон (г.с. на НАТО)***

**"Гледам форми, гледам бои, гледам успешна ликовна игра, но никако не ја препознавам возраста на играчот".**
***Чедо Христов (артист)***

Министерството за култура, оваа година и Владата му даде одредена поддршка, му додели стипендија за талентирани ученици.

